


# СЕЉАЦИ СЛИКАРИ ОД КОВАЧИЦА

УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА, СКОПЈЕ—7.—20. IV. 1963.

На насловната страна Јан Вењарски: „Мојата ќерка“

Банатското село Ковачица кое што лежи во југоисточниот дел на Војводина, на дното на некогашното Панонско море кое што многу одамна истекло низ Ѓердапската клисура, се наоѓа покрај железничката пруга, 47 км оддалечено од Белград. Ова село, во кое што уште од пред еден ипол век живее словачко малцинство, се прочуло и вон границите на нашата земја со своите селаци-сликари.

После втората световна војна, поранешната читална „Покрок“ (напредок) прераснала во Културно-уметничко друштво со сопствен Дом на културата.

Во 1952 г. селото прославило 150-годишнина од своето основање и со таа прилика, во рамките на Друштвото, е формиран ликовен кружок чии што членови се нарекле „Друштво народних сликара“. Услови за формирање на ваква група одамна постоеле. Селаците: Палушка, Сокол, Биреш, се сликари веќе од 1938 г. а после ослободувањето и враќањето од Армијата, се почесто се појавувале помлади селаци-сликари. Истата година во октомври, на денот на свечената прослава на селото, овие сликари ја отвориле својата прва изложба. Наскоро бројот на членовите на ликовната секција знатно се зголемил и скоро целото село почнало да слика, па по тоа селото Ковачица добило „обележје на сликарско село“. Секоја година се ределе изложби во Ковачица и во околните села.

Да би ваквите остварувања биле поблиски на јавноста и за полесно организирање на изложби и вон границите на селото, 1955 г. е отворена „Галерија народних сликара“. Така, Ковачица е првото село во Југославија кое што добило своја гале-

СКОПЈЕ

рија. Веднаш после тоа, стручната јавност се заинтересирала за нејзината работа и од 1957 г., при организирањето на сите позначајни изложби на наивните уметници на Југославија, како во земјата, така и во странство, се вклучуваат и творбите на поедини мајстори од Ковачица.

Да ли ваквата желба за масовното интересување за ликовното творештво се појавила затоа што се словачките куќи полни со старински народни везови, шарени тањири и богато украсени везови, е точна или не, укажува несомнената чињеница: најдобрите сликари од Ковачица се тие, чии што остварувања логично извираат од животот на селото и од средината во која што живеат. Таквите остварувања се полни со наталожени сеќавања и личен усет за ликовно транспонирање до извонредна уметничка убавина. Благодарение на ваквите креации, во нашата понова стручна литература, створен е терминот: „Сликарска школа у Ковачици“, или пократко „Школа у Ковачици“. Сликарската секција и нејзината Галерија се форми на општествената активност преку која што се присобираат сите сељаци и жители на Ковачица, кои што го сакаат сликарството и ликовната уметност воопште и имаат желба да и сами, во своето слободно време, се „бават“ со тоа.

Меѓутоа, во оваа група делуваат неколку извонредно обдарени сликари. Тие имаат сенсибилност на прави уметници и веќе се вклучуваат во редот на оние наивни југословенски уметници без кои што не би можела да се замисли ни една репрезентативна изложба од пошироки размери.

Со непосреден и спонтан ликовен јазик кој што се знатно разликува од кругот на сликарите од Хлебинскиот базен, тие врз основа на народната словачка уметност, со вонредно живи бои, ја створиле „Школата во Ковачица.“ Во неа не се запишува нити учи; нејзе и припаѓаат малубројните на кои што им успеало да створат свој сопствен типичен ликовен израз што е карактеристичен за крајот во кој што живеат. До сега овие сликари излагале во сите позначајни културни центри на Југославија: Белград, Скопје, Загреб, Љубљана, Сплит, Ријека, Дубровник, Нови Сад, Суботица и Чачак, а вон границите на земјата во: Лондон, Висбаден, Казел, Сао Паоло и др.

И ако бројот на активистите во оваа ликовна група непрестано варира, езгрото на истата делува како цврста сликарска целина (Палушка, Сокол, Књазовиц, Биреш, Ондреј и Јан Вењарски).

Скопје, април 1963.

Овие податоци земени се од каталогот на јубиларната изложба во Ковачица 1962.

УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА
СКОПЈЕ

# БИОГРАФИИ

## МАРТНИ ПАЛУШКА

Роден 1913 г. во Ковачица. Завршил шесто одделение во основно училиште и тригодишна занатска школа за метална струка. По занимање е машин-бравар. Со цртање се бави од детство. Првите слики ги правел со анилински бои растворувајќи ги во фирнајс. 1938 г. ги направил своите први плата со маслени бои. Еден од оснивачите на групата сељаци сликари во Ковачица.

До сега излагал групно во: Ковачица 14 пати, во Белград 4, Загреб 3, Љубљана, Скопје, Чачак, (на првиот квадриенале на наивните уметници на Југославија), во Панчево 6 пати, Суботица 2, Нови Сад, Кикинда, Сента, Бачка Топола, Бела Црква, Ковин, Шабац, Ниш, Сплит, Дубровник, Риека, Самобор, Бачки Петровец, Падина 3 пати, Арадац и Вршац.

Во странство излагал во: Лондон, Сао Паоло, Единбург, Лењинград, Москва, Будимпешта и Њујорк.

## ЈАН СОКОЛ

Роден 1909 г. во Ковачица, каде што завршил пет одделенија во основно училиште. Земјоделец; Словак. Со цртање се баби од својата дванаеста година. Во началото работел пастели. Од 1937 работи акварели. После две години се запознава со Мартин Палушка и започнува да слика со маслени бои. Излага од 1950 г. групно во: Ковачица 14 пати, Белград 5, Загреб 3, Љубљана, Скопје, Ниш, Шабац, Нови Сад 2, Суботица 2, Кикинда, Панчево 6, Бела Црква, Ковин, Сента, Бачка Топола, Сплит, Риека, Дубровник, Зрењанин, Вршац 2, Самобор, Бачки Петровец, Падина 3, Арадац и Чачак на Првиот квадријанале на наивните уметници на Југославија.

Во Странство излагал: во Лондон, Сао Паоло, Висбаден, Базел, Карслруе, Берлин, Единбург, Ленинград, Москва и Њујорк.

## МИХАЛ БИРЕШ

Роден 1912 г. во Ковачица, каде што завршил четири одделенија во основно училиште. Земјоделец; Словак. Со цртање се бави во среднтие свои години на подстрек од својот пријател Палушка. Првите платна со маслени бои ги створил 1942 г. Почнал да излага 1952.

Излагал групно во: Ковачица 12 пати, Белград 4. Загреб, Самобор, Риека, Сплит, Нови Сад, Панчево 6, Суботица, Кикинда, Чачак (на Првиот квадријелнале на наивните уметници на Југославија), Шабац, Бела Црква, Сента, Бачка Топола, Дубровник, Бачки Петровец, Врвац, Падина 3 и Арадец.
Во странство излагал во: Лондон, Касел и Висбаден.

## ЈАН КЊАЗОВИЦ

Роден 1925 во Ковачица, каде што завршил шест одделенија во основно училиште. Земјоделец; Словак.

Да слика почнал во Армијата по време на одслужувањето на кадровскиот рок. Илустрирал зидни весници во

четата. По враќањето дома, почнал да слика со маслени бои. Почнал да излага 1952. Првата самостојна изложба ја имал во Загреб 1962 г. во Галеријата за примитивна уметност, а во 1963 во Ковачица и во Панчево.

Групно излагал во: Ковачица 14 пати, Белград 5, Загреб 3, Љубљана, Скопје, Нови Сад, Шабац, Ниш, Панчево 6, Суботица 2, Кикинда, Бела Црква, Ковин, Сента, Бачки Петровец, Падина 3, Вршац, Арадац, Сплит, Риека, Самобор, Дубровник, Чачак на Првиот квадријанале на наивните уметници на Југославија.

Во странство излагал во: Лондон, Касел, Базел, Торино, Висбаден, Еиднбург, Лењинград, Москва, Будимпешта и Њујорк.

## ЈАН ВЕЊАРСКИ

Роден 1938 г. во Ковачица каде што завршил пет одделенија во основно училиште. Земјоделец; Словак. По посетата на првите две изложби на селаците сликари во неговото место, со помошта на истите, почнува да слика и веќе од 1945 со нив излага.

Излагал групно: во Ковачица 10 пати, Белград 4, Загреб, Нови Сад, Панчево 6, Бела Црква, Ковин, Суботица, Кикинда, Сента, Вршац, Бачка Топола, Шабац, Ниш, Сплит, Риека, Чачак, на првиот квадријанале на наивните уметници на Југославија. Самобор, Дубровник, Падина и Арадац.

Во странство излагал во: Лондон, Висбаден, Базел, Карлсруе, Берлин, Единбург, Њујорк.

## ЈАН СТРАКУСЕК

Роден 1926 г. во Ковачица. Завршил четири одделенија основно училиште во своето село и два течаја за зидари во Белград. Зидар; Словак.

Со сликарство почнал да се бави во НОБ илустрирајќи ѕидни весници. 1952. ја видел правата изложба на селаците сликари од неговото село од која што бил воодушешевен. Веднаш почнал да ги ствара првите свои композиции во што го помогнале сликарите од неговото село.
Излагал групно во: Ковачица 10 пати, Белград 5, Загреб 2, Нови Сад, Панчево 6, Суботица, Кикинда, Бела Црква, Ковин, Сента, Бачка Топола, Ниш, Шабац, Бачки Петровец, Падина 2, Арадец и Чачак (на Првиот квадријанале).

Во странство излагал во Лондон, Единбург, Њујорк.

## ОНРДЕЈ ВАЊАРСКИ

Роден 1930 г. во Ковачица каде што завршил шест одделенија во основното училиште и тригодишен курс за земјоделие. Земјоделец; Словак.

Да слика почнал во ЈНА каде што соработувал на ѕидните весеници. Потоа почнал поинтензивно да слика. Првите платна ги направил 1959. г. од кога почнал да излага.
Излагал групно во: Ковачица 5 пати, Белград 3, Панчево 4, Суботица, Сента, Бачка Топола, Шабац, Ниш, Кикинда, Бела Црква, Ковин, Вршац, Арадец, Загреб и Чачак (на Првиот квадријанале).

Во странство излагал: во Лондон, Базел, Висбаден, Карлсруе, Берлин, Единбург, Лењинград, Москва, Будимпешта, Њујорк.

## ЈАН ГАРАЈ

Роден 1930 г. во Ковачица каде што завршил четири одделенија во основно училиште и две одделенија во граѓанска школа. Земјоделец; Словак.
Почнал да слика на подстрек на својот сосед Јан Књазовиц. По угледот на него ги направил своите први работи кои што го воодушевиле и продолжил да слика. Почнал да излага 1960. г.

Излагал групно во Ковачица 5 пати, Белград 3, Нови Сад, Панчево 4, Чачак (на Првиот квадријанале на наивните уметници на Југославија), Суботица, Сента, Бела Црква, Ковин, Вршац, Бачка Топола, Шабац, Ниш, Арадец. Во странство само во Базел.

## ПАВЕЛ ХРК

Роден 1922 г. во Ковачица Во родното село завршил четири одделенија основно училиште, а во Качарево три одделенија занатска школа. Столар; Словак.

Желба за сликање добил помагајќи му на својот пријател Томан Адам при изработка на неговите интарзии. Потоа останалите сликари од селото му помогнале да со нив слика. Да излага почнал 1954. Излагал само групно и тоа: во Ковачица 10 пати, Белград 4, Нови Сад, Панчево 5, Бела Црква, Ковин, Кикинда, Суботица, Сента, Бачка Топола, Вршац, Арадец и Чачак (на Првиот квадријанале). На изложбите во странство не учествувал.

## ЈАН МАРКО

Родне 1911 г. во Ковачица. Во селото завршил шест одделенија основно училиште и три одделенија занатска школа, а во Белград едногодишен курс за применена уметност. Столар; Словак. Своите први интарзии ги направил 1942. г. Излагал групно во Ковачица, Падина, Вршац.

# КАТАЛОГ

| | |
|---|---|
| 1. МАРТИН ПАЛУШКА | 1. Кувари — 1963.<br>2. Мојата керка — 1957.<br>3. Појадок во поле — 1961. |
| 2. ЈАН СОКОЛ | 4 Берба — 1962.<br>5. Мојот двор — 1963.<br>6. Поаѓање на пазарот — 1962.<br>7. Добро дошле младоженци<br>8. Првите бразди — 1962. |
| 3. МИХАЛ БИРЕШ | 9. Овчар — 1962.<br>10. Разјарен бик — 1962.<br>11. Немил настан — 1962.<br>12. Испилени гушчиња — 1961. |
| 4. ЈАН КЊАЗОВИЦ | 13. На гробот на својот единец — 1963.<br>14 Ни чекор понатака — 1963.<br>15. Ромео и Јулија — 1963. |
| 5. ЈАН ВЕЊАРСКИ | 16. Орање — 1962.<br>17. Сестри — 1960.<br>18. На поење — 1961.<br>19. Детски сватои — 1962.<br>20. Разбеснети коњи — 1962. |
| 6. ЈАН СТРАКУСЕК | 21. Во стаја — 1960.<br>22. Ченката веќе се бере — 1962.<br>23 Дедо и крава — 1962. |
| 7. ОНДРЕЈ ВЕЊАРСКИ | 24. Продажба на прасиња — 1963.<br>25. Пецароши — 1963.<br>26. Здивнување — 1962.<br>27. Лепење на куќа — 1962<br>28. Во соба — 1962. |
| 8. ЈАН ГАРАЈ | 29. Средба кај бунарот — 1962.<br>30. Ручек во поле — 1961.<br>31. Справање на ручек — 1961. |
| 9. ПАВЕЛ ХРК | 32. Девојче со роза — 1962<br>33. Зајчиња во снег — 1961.<br>34. Дете и дива пајка — 1961. |
| 10. ЈАН МАРКО | 35. Во мојот двор — интарзија 1962.<br>36. Кај железничката станица-интерзија 1962. |

Печатено во Графичкиот завод „Гоце Делчев“ — Скопје
(2567) 1963 година